Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2022 година**

**Скопје, септември 2022 година**

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2022 година

Седницата започна во 14:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Весна Томовска, в.д директор на Државниот инспекторат за труд и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 69-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 август 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 73-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 74-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2022 година**

1. Барање за давање на трајно користење на недвижни ствари-линиски инфраструктурни објекти на Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и Подружница Енергетика, Скопје, со предлог-одлуки

2. Предлог одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.99/20 ТИРЗ Скопје 2)

3. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (Имотен лист број 879 за КО Агино Село)

4. Барање за давање согласност за набавка на теренски возила за подружниците и опрема за гасење на пожар (пумпи), со дополнување

5. Годишна сметка, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работењето за периодот 1 јануари 2021-31 декември 2021 година на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

6. Информација за потребата од преземање активности за самостојно приредување на интернет игрите на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија

7. Информација за преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите

8. Информација во врска со потребите на Државниот завод за индустриска сопственост за набавка на мебел

9. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (моторни возила)

10. Информација за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2021 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

11. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КО Јаболци, Општина Сопиште)

12. Информација за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Чалошево), со Предлог-одлука

13. Информација за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Чалошево 2), со Предлог-одлука

14. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година

15. Информација со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Мородвис за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мородвис, Општина Зрновци, со Предлог-одлука

17. Информација за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со Тендерска документација

18. Информација во врска со барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308

19. Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-финална понуда

20. Информација во врска со одобрување на нацрт-договори за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.351 Зрновска Река, бр. 353 Зрновска Река и бр.373 Ештеричка Река

21. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Расадиште“, Општина Тетово, со предлог-одлуки

22. Предлог-одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „Оризари“, Општина Липково

23. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево

24. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „Златна копачка-Еден“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „4“ бр.5, зграда 1-влез 3/1/приземје, Волково, Ѓорче Петров

25. Информација за одржаниот Прв состанок од Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави

26. Информација во врска со потребата од изменување на Решението за назначување претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 г. со Акциски план и Предлог-решение

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово
28. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2023 година

29. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2023 година

30. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2023 година

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Аеродром-Скопје)

32. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје

34. Информација за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2021 година

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници, по скратена постапка

36. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65 за КО Сушево, на КП бр.1/1, КП бр.1/3 и КП бр.1/7, викано место/улица „Корија“

37. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.1/2 и КП бр.1/5, КО Сушево, со Имотен лист бр.66

38. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“

39. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13951 за КО Сарај на КП бр.10462/12 викано место/улица „Сарај“ и Имотен лист бр.12372 за КО Сарај на КП бр.10462/1 викано место/улица „Сарај“

40. Понуда од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.379 и Имотен лист бр.1024 за КО Нов Дојран, на КП бр.1525, викано место/улица „Нов Дојран“

41. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2114 и Имотен лист бр.42 за КО Бардовци, на КП бр.1222, викано место/улица „Село“

42. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50097 за КО Ѓорче Петров 1- Ново Село , на КП бр.678/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 6“

43. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.181 и Имотен лист бр.1181 за КО Стар Дојран , на КП бр.433/1, викано место/улица „Маршал Тито“

44. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.107/2022, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.2151, за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село

45. Кадровски прашања

46. Прашања и предлози

47. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите „Меѓународен Аеродром“-Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид заклучно со јуни 2022 година на ТАВ Македонија

48. Информација за известување на Владата на Република Северна Македонија за донесување на решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита и преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите

49. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година

50. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот април-јуни 2022 година

51. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“, за периодот април-јуни 2022 година

52. Извештај за финансиско работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

53. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“

54. Информација за опожарени површини на териториите на општините: Делчево, Пехчево и Берово од настанат шумски пожар во 2021 година

55. Извештај на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош за период од 1 јануари до 31 декември 2021 година

56. Информација за потребата од давање на времено користење на контејнери за потребите на Основното училиште „Лирија“ од с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка, со Предлог-одлука

57. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Романија, со Предлог-одлука

58. Информација со Предлог-одлука за формирање на Советодавно тело за давање на мислење за употреба на име на историска и друга позната личност во името на здружение и друго правно лице

59. Предлог-одлука за учество на Република Северна Македонија во Европскиот АТМ специјален солидарен фонд и Доброволниот привремен солидарен фонд на EUROCONTROL

60. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеност на дозволите за меѓународен превоз на стока

61. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје во студиската учебна 2022/2023 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

62. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

63. Предлог-одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Далјан“

64. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

65. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

66. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Бугарија, со Предлог-одлука

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 август 2022 година, Записникот од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана

на 24 август 2022 година и Записникот од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2022 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Барањето за давање на трајно користење на недвижни ствари-линиски инфраструктурни објекти на Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје и Подружница Енергетика, Скопје, со предлог-одлуки, ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (за потребите на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје), во предложениот текст и

2. Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (за потребите на Подружница Енергетика), во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.99/20 ТИРЗ Скопје 2), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа и одобри Барањето за давање согласност за набавка на теренски возила за подружниците и опрема за гасење на пожар (пумпи), со дополнувањето, при што да се има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето за периодот 1 јануари 2021-31 декември 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, во предложениот текст.

5. Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2021 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање активности за самостојно приредување на интернет игрите на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија, ја усвои Информацијата и му укажа на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија да ги преземе потребните активности за започнување на самостојно приредување на интернет игрите на среќа.

**Точка 7**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го прошири буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство за потпрограма 20, преку Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, за дополнителни 100.000.000.00 денари за трошоците кои произлегуваат од спроведување на мерките за контрола и искоренување на „африканска чума“ кај свињите, а изворот на овие средства во најбрз можен рок дополнително ќе се утврди помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да ги интензивира контролите на граничните премини и на аеродромите во однос на личниот багаж на патниците при влез во државата и редовно на дневна основа да ја известува Агенцијата за храна и ветеринарство за количината и видот на запленетите производи од животинско потекло и истите нештетно да ги отстранува.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 68 од Законот за ловството да им даде обврска на концесионерите на ловиштата, се додека Агенцијата за храна и ветеринарство не прогласи стабилна епидемиолошка состојба со болеста „африканска чума“ кај свињите:

а) да извршат засилен отстрел на диви свињи во ловиштата определени со решение од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, независно од бројот на дозволен отстрел определен во ловостопанските основи за секое ловиште, во ловните денови да вршат контрола на сите учесници во ловот на определени пунктови, независно од тоа дали имаат отстрелано дивеч и да ја почитуваат законската обврска за издавање потврда за потекло на дивеч, делови од дивечот и трофеите од дивечот, при што контролата да се врши во присуство на официјален ветеринар и

б) на ловиштата во кои се забранува ловот да вршат пребарување за пронаоѓање на угинати диви свињи и истите да ги пријават на надлежните официјални ветеринари за земање примероци, како и да изработат план за динамиката, начинот на пребарување и мерките за биосигурност кои треба да се применуваат при спроведување на оваа активност и истиот да го доставaт до Агенцијата за храна и ветеринарство.

4. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство:

а) да изврши надомест на штета за уништените (убиени) свињи во сите одгледувалишта (регистрирани) во заштитната зона од 3 км во најбрз можен рок,

б) во најбрз можен рок да склучи договор/и со одобрена/и  кланица/и во зоната под надзор или најблиску во зоната под надзор која/и ќе врши/ат колење и тоа на свињите кои се предмет на депопулација согласно решението на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство и да исплаќа разлика од кланичната вредност и проценетата вредност за свињите согласно Упатството за проценка на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразните болести на територијата на Република Северна Македонија, а за свињите кои не можат економски да се искористат, да изврши целосна исплата на одземените свињи,

в) да спроведе кампања за подигнување на јавната свест за африканска чума кај свињите на локално и национално ниво преку комерцијалните телевизиски куќи, радиодифузери и печатени медиуми во текот на 2022 и 2023 година и

г)  да врши заловување на дивите свињи за намалување на нивната популација и  за дијагностички цели со користење на  средства за хумано заловување во високо ризичните зони во текот на 2022 и 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди помош и поддршка на Агенцијата за храна и ветеринарство и да врши интензивни контроли на дневна основа на патничките и товарните возила кои вршат превоз на животни во соработка со надлежните официјални ветеринари.

6. Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за одбрана, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и општините кои се зафатени со болеста „африканска чума“ кај свињите, да ја обезбедат потребната механизација за спроведување на контролните и заштитни мерки за спречување на ширењето на болеста, во најбрз можен рок.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребите на Државниот завод за индустриска сопственост за набавка на мебел, ја усвои и даде согласност за спроведување на набавка на мебел, заради неопходноста за функционирање на институцијата, а средствата да бидат обезбедени во рамки на буџетот на Државниот завод за индустриска сопственост за 2022 година.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2021 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, односно националниот координатор за авторизација, на секои шест месеци до Владата да доставуваат информации за консолидирани акциски планови по програми за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во Годишните извештаи за ревизорска активност за 2021 година на Ревизорското тело со предлог на рокови за имплементација на истите.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, Министерството за финансии, односно националниот координатор за авторизација на шестмесечно ниво да ја информираат Владата за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните акциски планови по програми за имплементирање на препораките констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2021 година на Ревизорското тело.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да и предложи на Владата усвојување на политика за задржување на кадарот во ИПА структурите и органите во Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на септември 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии да ги внесе мерките за усвојување на политиката за задржување на кадарот во ИПА структурите и органите во Република Северна Македонија во Законот за административни службеници и во рок од три месеци да ја извести Владата во врска со ова прашање.

5. Се задолжуваат Министерството за финансии и Оперативната структура одговорна за ИПА II во Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура ,,Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за навремено објавување на тендери за поефикасна имплементација на ИПА II со цел зголемување на апсорпцијата, како и за преземање на мерки за обезбедување на свесност кај крајните корисници за одржливост на проектите.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КО Јаболци, Општина Сопиште) и не ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Чалошево), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 септември 2022 година ја разгледа Информацијата за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Чалошево 2), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства до 10.5.2023 година
- да донесат сопствен Етички кодекс во кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат етички комитети;

- да ја ревидираат, ажурираат и подобрат мисијата и визијата на институцијата и истите да ги објават на својата веб-страница;

- да го подобрат процесот на управување со ризици преку: ажурирање на стратегиите за управување со ризици, соодветно документирање на ризиците од работењето во регистарот на ризици и нивните плански документи, како и подобрување на известувањето за утврдените ризици на начин што одговорното лице на институцијата ќе добива навремени информации за најзначајните ризици на министерството и институциите во негова надлежност. Воедно, при утврдување на ризиците да ги разгледуваат различните форми на измама (фалсификување на документи, давање не точни информации за финансиската состојба и успешноста на исполнување на поставените цели, фиктивните договори и фактури, давање мито и слично).

- да го изготват/ажурираат планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во министерството и неговите институции во надлежност изготвен врз основа на спроведената самопроценка и изјавата за квалитет и состојбата на внатрешните контроли.

- да обезбедат спроведување на препораките на надворешната и внатрешната ревизија во министерството и институциите во надлежност.

2. Се задолжуваат сите министерства до 31.12.2022 година до Министерството за финансии да достават план за организација и екипирање на единиците внатрешната ревизија (организациона структура на единицата и предлог-план за екипирање на истите за наредните три години (2023, 2024 и 2025 година), имајќи го предвид бројот на вработени и буџетот на самото министерство, органите во состав, втората линија буџетски корисници и јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост од нивна надлежност во кои ќе треба да спроведуваат внатрешна ревизија, доколку истите немаат сопствена единица за внатрешна ревизија или истата е нефункционална.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, врз основа на добиените поединечните планови за организација и екипирање

на единиците за внатрешна ревизија од сите министерства, да направи анализа на истите да подготви информација и до 31.3.2023 година да ја достави до Владата.

4. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците до 31.3.2023 година да ги екипираат единиците за внатрешна ревизија со најмалку двајца внатрешни ревизори.

5. Се задолжуваат сите министерства да го известат Министерството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола за преземените активности по заклучоците до 10.5.2023 година.

6. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола да ја извести Владата со Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година за реализација на заклучоците од Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Мородвис за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мородвис, Општина Зрновци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Мородвис за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мородвис, Општина Зрновци, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр. 3 кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, бр. 11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 15.4.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф. бр. 308, најмалку до 14.6.2023 година.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-финална понуда и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Финалната понуда за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за економија до Секретаријатот на Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки да ја достави Финалната понуда за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, најдоцна до 15 септември 2022 година.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрување на нацрт-договори за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.351 Зрновска Река, бр.353 Зрновска Река и бр.373 Ештеричка Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги одобри нацрт-договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.351 Зрновска Река, бр. 353 Зрновска Река и бр.373 Ештеричка Река.

2. Го овласти министерот за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија да ги склучи договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.351 Зрновска Река, бр. 353 Зрновска Река и бр.373 Ештеричка Река со Друштвото Еко тера ДОО Скопје.

## Точка 21

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Расадиште“, Општина Тетово, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „Оризари“, Општина Липково, за наредната седница на Владата, по барање на предлагачот.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги „Златна копачка-Еден“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „4“, бр.5, зграда 1-влез 3/1/приземје, Волково, Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Прв состанок од Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги координира активностите на сите институции во Република Северна Македонија надлежни за одредени сегменти од соработката со Соединетите Американски Држави и до крајот на 2022 година да изготви План за активности кој ќе биде основа за понатамошните конкретни предлози и мерки во рамките на Стратешкиот дијалог.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од изменување на Решението за назначување претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023г., со Акциски план и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за назначување претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023г., со Акциски план, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, Општина Аеродром-Скопје), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“-Охрид), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2021 година, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика најдоцна до крајот на јануари 2023 година да достави информација за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2022 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници, по скратена постапка и притоа го утврди следното мислење:

Членот 11 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија не кореспондира со постоечкиот член

218 а од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија. Ова од причина што посебната категорија на осигуреници правото на пензија го остваруваат согласно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија или согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во кои како материјални закони таксативно се наведени условите под кои престанува работниот однос од што зависи по кој закон ќе се оствари правото на пензија.

Исто така, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27.7.2022 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, кој содржи подобрени и унапредени решенија на законски одредби и истиот е во согласност со очекувањата на синдикатот и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија, па оттука Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници, по скратена постапка.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65 за КО Сушево, на КП бр.1/1, КП бр.1/3 и КП бр.1/7, викано место/улица „Корија“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.1/2 и КП бр.1/5, КО Сушево, со Имотен лист бр.66 и по Понудата го усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр. 1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13951 за КО Сарај на КП бр.10462/12 викано место/улица „Сарај“ и Имотен лист бр.12372 за КО Сарај на КП бр.10462/1 викано место/улица „Сарај“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Антонио Јачев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.379 и Имотен лист бр.1024 за КО Нов Дојран, на КП бр.1525, викано место/улица ,,Нов Дојран“, и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското

друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2114 и Имотен лист бр.42 за КО Бардовци, на КП бр.1222, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50097 за КО Ѓорче Петров 1 - Ново Село, на КП бр.678/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 6“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.181 и Имотен лист бр.1181 за КО Стар Дојран, на КП бр.433/1, викано место/улица „Маршал Тито“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 44**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.107/2022, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.2151, за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата заклучи:

**1.** Ја отповика Катерина Караманова од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерско друштвото за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост.

1.1.Го избра Зејнел Куч за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост.

**2.** На Арафат Муареми, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за Финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, му утврди право да продолжи да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 23.8.2022 година до 23.8.2023 година.

**3.** За членови на Националниот совет за медијација ги именува:

-Љупчо Сотироски,
-Ивана Талевска-Трендафилова,

-Зоран Петковиќ- Бакли и
-Миљазим Мустафа.

3.1. Го именува Васко Неловски од Министерството за правда за секретар на Националниот совет за медијација од редот на административните службеници во државната управа

**4.** Ја именува Кристина Пеповска за член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

**5.** Го разреши Сенавер Селими од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-„Козле“-Скопје, поради истек на мандатот.

5.1. Го именува Сенавер Селими за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-„Козле“-Скопје.

**Точка 46**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Барањето за давање согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на училишен мебел доставено од Средното училиште на Град Скопје „Браќа Миладиновци“-Скопје.

**2.** Владата ги задолжи Министерството за одбрана и Министерството за информатичко општество и администрација, да доставаат предлог-буџетски барања за Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, до Министерството за финансии, најдоцна до 9 септември 2022 година, во спротивно согласно став 5 член 22 од Законот за буџетите, за буџетските корисници на централната власт и фондовите кои не доставиле буџетско барање во законскиот рок, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог-буџетски барања.

**3.** Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, заклучи во точка 96 (Прашања и предлози) од Седумдесет и втората седница на Владата, одржана на 23 август 2022 година, заклучокот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да формира работна група со претставници од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука, со цел да ја информираат Владата, за постапувањето по доставеното барање за извршување И.бр.407/2011, за спроведување на извршување во вредност од 16.142.377,00 денари-главен долг, со камата и трошоци на постапката, против должникот Јавна установа Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“-Скопје, од причина што согласно евиденцијата на Министерството за финансии сметките на Јавната установа немаат прилив на средства и започнатите извршни постапки не може да се спроведуваат.

**4.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за политичка координација на спроведувањето на мерките од Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за политичка координација на спроведувањето на мерките од Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, со заклучок во членот 7, став 3, во делот: „Тематска подгрупа за говор на омраза:“, да се додаде и Министерството за информатичко општество и администрација.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за исклучително тешката финансиска состојба и итна потреба од еднократна финансиска помош за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и заклучи Министерството за транспорт и врски преку Потпрограмата ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 461-Субвенции за јавни претпријатија да ја исплати финансиската помош во износ од 30.000.000,00 денари (триесетмилиони денари), наменети за исплата на плата на вработените и за фактури во Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

Истовремено, Владата заклучи Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Мајан Вејсели, директор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје да одржат состанок со цел изнаоѓање на соодветно решение за рационализација на трошоците и надминување на состојбите во Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

**6.** Владата го разгледа Извештајот од спроведен инспекциски надзор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за култура, со Дополнувањето бр.ИП1 09-1289 од 8.8.2022 година и го усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи согласно изречените мерки од страна на Државниот инспекторат за труд.

2) Се формира интервентна група во состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, д-р Никола Тупанчески, министер за правда и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, која врз основа на податоци и во консултација со Државниот инспекторат за труд, Уставниот суд на Република Северна Македонија и останатите засегнати институции и судови, да изнајде решение во врска со потпишаниот Колективен договор за вработените во Министерството за култура, како и обврските кои произлегуваат од него и до Владата да достават конкретно решение и акциски план во однос на заклучоците од Извештајот од спроведениот инспекциски надзор во Министерството за култура, а во врска со потпишувањето на нов колективен договор за вработените во Министерството за култура.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите „Меѓународен Аеродром“-Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид заклучно со јуни 2022 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за известување на Владата на Република Северна Македонија за донесување на решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита и преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај свињите, како материјал за информирање.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот

за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот април-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Национални шуми“ за периодот, април-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии, надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за подобрување на наплатата на побарувањата и навремено измирување на обврските, со цел подобрување на ликвидноста во работењето на Друштвото.

**Точка 53**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски и Управата за хидрометеоролошки работи во рок од 30 дена до Владата и до Државниот завод за ревизија да достават информација со акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави предлог на закон за изменување на одредбите од Законот за животната средина кои не се во примена, а се однесуваат на климатските промени и да продолжи со преземените активности за донесување на законот за климатска акција.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави предлог за идентификување на субјекти и утврдување на дејности и активности кои создаваат емисии на стакленички гасови, како и пропишување на начинот на водење, одржување и функционирање на системот за инвентаризација на стакленички гасови.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да воспостави функционален Национален систем за инвентаризација на емисии стакленички гасови како единствена централизирана база на податоци за емисиите на стакленичките гасови.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне соработка со надлежните министерства за воспоставување на централизирана база на податоци за проекти кои се однесуваат на мерките за ублажување и адаптација на климатските промени.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне соработка со надлежните министерства за преземање на мерки и активности за соодветно означување и одвојување на јавните расходи поврзани со климатските промени.

7. Се задолжува Министерството за економија до Владата да достави предлог-уредба во која ќе бидат утврдени целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, усогласена со Националниот план за енергетска ефикасност.

8. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Агенцијата за енергетика да подготват и усвојат акт со кој ќе се пропише содржината, формата, методологијата и начинот на изработка на програмите и плановите за енергетска ефикасност, како и извештај за спроведување на програмите.

9. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Агенцијата за енергетика да продолжат со започнатите активности за донесување на акт со кој подетално ќе се уреди начинот на воспоставување и функционирање на МВП алатка.

10. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја имплементира и следи реализацијата на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година и да извести за резултатите во делот ублажување на климатските промени предизвикани во земјоделството.

Исто така, Владата му укажува на Државниот завод за ревизија да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за опожарени површини на териториите на општините: Делчево, Пехчево и Берово од настанат шумски пожар во 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата препорачува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје во рок од 15 дена до Владата, да достави акциски план со конкретни мерки и рокови за реализација, односно спроведување на препораките на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

## Точка 55

Владата го разгледа Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош за период од 1 јануари до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на времено користење на контејнери за потребите на Основното училиште „Лирија“ од с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Општина Чашка, во предложениот текст.

2. За уредување на меѓусебните права и обврски во врска со давањето на користење на движните ствари-контејнери, Министерството за одбрана и Општината Чашка, ќе склучат посебен договор.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Романија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Романија, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи финансиските трошоци потребни за оваа намена да бидат во рамките на планираните средства во буџетот на Министерството за одбрана за 2022 година и 2023 година.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за формирање на Советодавно тело за давање на мислење за употреба на име на историска и друга позната личност во името на здружение и друго правно лице, ја усвои и ја донесе Одлуката за формирање на Советодавно тело за давање на мислење за употреба на име на историска и друга позната личност во името на здружение и друго правно лице, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење врз основа на досега донесени заклучоци и акти од Владата и други институции, поврзани со надоместоци за членови на комисии, работни тела и сл., да направи анализа и во рок од еден месец до Владата да достави предлог за висината на надоместоците што треба да се исплаќаат во иднина на членовите на ваквите тела, заради обезбедување единствен став и пристап при утврдување на висина на надоместоци и во други идни тела што ќе ги формира Владата.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за учество на Република Северна Македонија во Европскиот АТМ специјален солидарен фонд и Доброволниот привремен солидарен фонд на EUROCONTROL, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за

меѓународен превоз на стока и ја донесе Уредбата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје во студиската учебна 2022/2023 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Даљан“, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Бугарија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Бугарија, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи финансиските трошоци потребни за оваа намена да бидат во рамките на планираните средства во буџетот на Министерството за одбрана за 2022 година и 2023 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16 :30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**